# „О, Аллахов пратенику, не оставив ниту мал ниту голем грев а да не сум го сторил.“ Пратеникот го праша: „Сведочиш ли дека нема друг вистински бог освен Аллах и дека Мухамед е Аллахов пратеник?“

Енес, Аллах нека е задоволен од него, пренесува: Еден човек дојде кај Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, и рече: „О, Аллахов пратенику, не оставив ниту мал ниту голем грев а да не сум го сторил.“ Пратеникот го праша: „Сведочиш ли дека нема друг вистински бог освен Аллах и дека Мухамед е Аллахов пратеник?“ - трипати. Човекот одговори: „Да.“ Пратеникот рече: „Тоа сведочење ги брише сите тие гревови.“

[رواه أبو يعلى والطبراني والضياء المقدسي] [صحيح]

Еден човек дојде кај Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, и рече: „О, Аллахов пратенику, направив секакви гревови и не оставив ниту мал ниту голем грев, а да не сум го направил. Дали ќе ми биде простено?“ Пратеникот го праша: „Сведочиш ли дека нема друг вистински бог освен Аллах и дека Мухамед е Аллахов Пратеник?“ Истото прашање го повтори трипати. Човекот одговори: „Да, сведочам.“ Тогаш Пратеникот му објасни дека шехадетот ги брише сите гревови и дека покајанието ги брише претходните гревови.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/65006